# З А П И С Н И К

од деветтиот состанок во 2014 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации што се одржа на 03.07.2014 година во 09:00 часот

Деветтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 03.07.2014 година во 09:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа:

1. Претседател на Комисијата г-ѓа Гордана Клинчарова,
2. Членот на Комисијата г-н Петар Есмеров,
3. Членот на Комисијата г-н Славе Веловски,
4. Членот на Комисијата г-н Горан Велинов
5. Директорот на Агенција за електронски комуникации – Роберт Орданоски
6. Шефот на кабинет на Директорот Елизабета Двојакова,
7. Советникот за анализа на пазар Владимир Ристевски,
8. Раководителот на Секторот за правни работи - Бојана Стефановска-во својство на записничар.

Членот на Комисијата г-н Газменд Ајдини беше оправдано отсутен и претходно го најави своето отсуство .

На состанокот беше предложен и усвоен следниот дневен ред:

1. Усвојување на Записникот од осмиот состанок на Комисијата на АЕК одржана на 10.06.2014 и усвојување на предлог дневниот ред за деветтиот состанок за 2014 година на Комисијата на АЕК;

2. Донесување на Одлука за измена на Годишниот план за јавни набавки за 2014 година

3. Согласности по основ на доставени барања за јавни набавки:
   - јавна набавка со финансиски лизинг за набавка на возила
   - јавна набавка за услга – ревизија на финансиско работење на АЕК за 2014, 2015 I 2016 година и на компензациски фонд за универзална услуга за 2014,2015 I 2016 година

4. Предлог до Влада на Република Македонија за донесување одлука за давање на користење на движни ствари за кои трајно престанала потребата за користење

5. Разно

**1. Усвојување на Записникот од осмиот состанок на Комисијата на АЕК одржана на 10.06.2014 и усвојување на предлог дневниот ред за деветтиот состанок за 2014 година на Комисијата на АЕК;**

Од страна на Комисијата беше усвоен Записникот од осмиот состанок на Комисијата на АЕК одржан на 10.06.2014 и дневниот ред за деветтиот состанок за 2014 година на Комисијата на АЕК.

2. **Донесување на Одлука за измена на Годишниот план за јавни набавки за 2014 година**

Согласно направеното истражување за јавната набавка за возила, донесена е Одлука за измена на Годишниот план за јавни набавки за 2014 година во точката 14 во предметот на договор за јавна набавка и вредност на договорот без ДДВ. Подготвениот Анекс 1 и Одлуката влегуваат во сила со денот на донесувањето.

3. **Согласности по основ на доставени барања за јавни набавки:**
   - **јавна набавка со финансиски лизинг за набавка на возила**
   - **јавна набавка за услуга – ревизија на финансиско работење на АЕК за 2014, 2015 и 2016 година и на компензациски фонд за универзална услуга за 2014, 2015 и 206 година**

По спроведената дискусија за јавната набавка на возила со финансиски лизинг беше оценето дека е потребно дополнително време за подготовка на документацијата согласно Одлуката од претходната точка и измените на Законот за јавни набавки кои се стапени во сила.

Согласно доставениот предлог за јавна набавка за услуга ревизија на финансиско работење на АЕК за 2014, 2015 и 2016 година и на ревизија на сметка за надоместоци од компензациски фонд за универзална услуга за 2014, 2015 и 2016 година, службите наведоа дека според планот за јавни набавки оваа јавна набавка е предвидена како 3-годишна набавка.
Откако беше проверена документација, Комисијата даде согласност за спроведување на јавната набавка за ревизија на финансиско работење на АЕК за 2014, 2015 и 2016 година и на сметка за надоместоци од компензациски фонд за универзална услуга за 2014, 2015 и 2016 година.

4. **Предлог до Влада на Република Македонија за донесување одлука за давање на користење на движни ствари за кои трајно престанала потребата за користење**

По однос на оваа точка од дневниот ред, Комисијата одлучи претходно да се извршат консутации со одредени институции и постапката да се одложи за наредниот период за да може да се даде валиден предлог за давање на користење  каде што постои неопходна и итна потреба .

5. **Разно**

По оваа точка од дневниот ред се расправаше по предлозите за именување на објектите на АЕК , при што се констатира дека  се усвојува предлогот на Директорот на Агенцијата за електронски комуникации за именување на објектот на АЕК  на адреса: Кеј Димитар Влахов  бр. 21 во Скопје , да се именува „Објект Лидија од Македонија“ , а Антенскиот систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции во Република Македонија на врвот на планината Водно во Скопје да се именува „Кулата на Александар“.

.

Состанокот заврши во 11:30 часот.

**Гордана Клинчарова, претседател** ___________________

**Славе Веловски, член** ________________________________

**Петар Есмеров, член**__________________________________

**Горан Велинов , член** _________________________________

Наш број ____________

Скопје ______________

Кеј Димитар Влахов  број 21
1000 Скопје
Република Македонија

тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

www.aek.mk